Дневни билтени

2015
Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

Извадок на ден од дневни настани 18.05.2023

Денеска (18.05.2023), полициски службеници од Единицата за недозволена трговија при СВР Скопје го лишиле од слобода А.П.(35) од Скопје. При претрес во неговите простории на две локации во Скопје, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени муниција, автоматски пиштол „Шкорпион", пиштол непозната марка и калибар и две ловечки пушки. Лицето било задржано во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 17.05.2023 во 20.30 часот, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода З.Б.(55) од село Младо Нагоричане, општина Старо Нагоричане. Тој бил затекнат при обид да одземе предмети од поранешен угостителски објект во населба Карпош во Куманово. Исто така, тој се сомнева дека изминатиот месец извршил три кражби при што одзел предмети и пари. З.Б. бил задржан во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 17.05.2023, полициски службеници од Единицата за економски и компјутерски криминал при СВР Скопје во координација со инспектори од Државниот пазарен инспекторат извршиле контрола во нет менувачници со Старата скопска чаршија на подрачје на Бит Пазар. При контролата било констатирано дека дел менувачници не поседуваат никаква документација регистриран правен субјектниту Дозвола за менувачко работење од Народната банка на Република северна Македонија. Против сопствениците на двете менувачници, од Државниот пазарен инспекторат ќе биде изготвен соодветен поднесок.

СВР Скопје - ЕВР Центар и Бит Пазар и ЕВР Карпош поднесе кривична пријава против Ц.Ѓ.(34) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „тешка кражба" по член 236 од Кривичниот законик. Во претходниот период, пријавениот извршил повеќе тешки кражби во возила на подрачјето на Центар и Карпош. По преземени мерки и активности, на 16.05.2023 тој бил лишен од слобода и во координација со јавен обвинител му е поднесена пријавата. Ц.Ѓ. бил изведен пред судија на претходна постапка, кој му определил мерка притвор.

На 17.05.2023 во 23.00 часот на подрачје на Кисела Вода, полициски службеници го лишиле од слобода М.Е.(21) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (17.05.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територијата на град Скопје изречени се вкупно 176 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 46 санкција, 10 мерки за возење без возачка дозвола, осум санкции за непочитување на првенство на минување. Изречени се шест мерки за возење под дејство на алкохол, шест санкции минување на затворен сигнал (црвено светло), четири мерки за нерегистрирани возила...

Во текот на вчерашниот ден (17.05.2023) Министерството за внатрешни работи спроведе акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возачи кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 132 возачи. Притоа 90 возила ја пречекорие брзината во населено место, а 42 надвор од населено место.

Во текот на вчерашниот ден (17.05.2023) во периодот од 07.00 до 12.00 часот Министерството за внатрешни работи спроведе акциска контрола за првенство на минување на територијата на Република Северна Македонија, при што санкционирани се 63 возачи. Од нив, 16 на територијата на СВР Битола, 12 на територијата на СВР Тетово... За време на контролата санкционирани се и 140 други видови на прекршоци.

На 17.05.2023 на подрачјето на СВР Штип била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 6 прекршоци од кои 4 во населено место и 2 надвор од населено место. Санкционирани биле и 41 други видови на прекршоци, од кои, 7 за управување возило без возачка дозвола, 3 за управување возило подејство на алкохол, 1 за возач почетник, 5 за нерегистрирано возило, 2 за непочитување првенство на минување, 3 за недавање првенство на минување на пешаци, 8 за некористење сигурносен појас, 1 за користење мобилен телефон, 1 за непропишо престигнување, 9 за непропишо паркирање и 1 за непропишо вградени фолии.

На 17.05.2023 во 09,05 часот во Полициската станица Кичево било пријавено дека на регионалниот пат Кичево-С.Осломеј, патничко моторно возило „фолксваген цета" со кичевски регистарски ознаки, управувано од А.С.(22) од Кичево, удрило во велосипед управуван од Ќ.А.(64) од Кичево. Во несреќата велосипедистот се здобил со тешки телесни повреди констатирани во Медицинскиот центар Кичево. Увид на местото на настанот извршила екипа од Полициска станица Кичево.

На 18.05.2023 во 03.35 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„Осло" во Скопје, мопед „камачи" со скопски регистарски ознаки, управувано од Б.А.(52) од Скопје, удрил во паркирано патничко моторно возило „рено талисман" со скопски регистарски ознаки, паркирано од Б.М.(48) од Скопје. По несреќата, Б.А. бил пренесен во Комплекс клиники „Мајка Тереза" каде му биле констатирани тешки телесни повреди. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Скопје.

На 17.05.2023 во 19.00 часот во Полициската станица Неготино било пријавено дека на крстосница на ул.„Ленинова" со ул. „Даме Груев" во Неготино, В.К.(33) од Неготино управувајќи мотоцикл „јамаха" без регистарски ознаки, изгубил контрола и удрил во ќука, по што го напуштил местото. По несреќата, во болницата во Неготино на В.К. му биле констатирани тешки телесни повреди. За настанот бил известен јавен обвинител, а увид на местото на настанот извршила екипа од Полициска станица Неготино.

На 17.05.2023 во 21.00 часот во Полициската станица Гостивар било пријавено дека на патот Гостивар-С.Чегране се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко моторно возило „фолксваген бора" со гостиварски регистарски ознаки, управувано од А.М.(63) од с.Чегране и мотоцикл „априлиа" без регистарски ознаки, управуван од малолетник с.Форино. Во несреќата малолетен сопатник на мотоциклот од с.Форино се здобил со тешки телесни повреди констатирани во Медицинскиот центар во Гостивар. Увид на местото на настанот извршила екипа од Полициската станица Гостивар.

На 17.05.2023 во 19.50 часот во Полициското одделение Петровец, К.Т.(80) од Скопје пријавил дека во населба Илинден - Скопје бил каснат од куче скитник.

На 17.05.2023 во 17.00 часот во Полициската станица Ѓорче Петров, О.Н.(37) од Скопје пријавил дека на ул.„Алекса Демниевски" бил каснат од куче скитник.

На 17.05.2023 во СВР Битола, Н.Н.(27) од Битола пријавила дека во с.Лавци нејзиниот малолетен син бил каснат од куче скитник.

Денеска (18.05.2023) на ул.„Зани Лукровски" во Скопје, полициски службеници од тим потраги од Одделението за криминалистички работи при ЕВР Центар и Бит Пазар го лишиле од слобода Н.Д.(25) од Велес. Тој бил баран по централна потерница врз основа на наредба на Основен суд Велес за издржување казна затвор од три години за сторено кривично дело по член 186 од Кривичниот законик. Лицето ќе биде предадено во надлежната казнено-поправна установа за издржување на казната.

На 17.05.2023 на пат за тетовско Селце, во месноста „Кабаш", полициски службеници на СВР Тетово ги лишиле од слобода В.К.(36) и Ш.Д.(31), двајцата од ова село, затоа што во возило „фолксваген голф" со тетовски регистарски ознаки пренесувале огревно дрво без потребните документи. Извршен бил увид, двајцата се задржани во Полициската станица Тетово, а возилото и дрвата им се одземени и ќе бидат предадени на Шумска полиција. По целосно документирање на случајот ќе следуваат поднесоци.

Единицата за економски и компјутерски криминал при СВР Скопје поднесе кривична пријава против А.А.(38) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „измама" по чл.247 од Кривичниот законик. Пријавениот со лажно прикажување на факти довел во заблуда лице од Скопје дека за паричен надомест од 30.000 евра пред надлежните органи ќе му завреи постапка за приватизација на градежно земјиште во државна сопственост со вкупна површина од 13.764 квадратни метри на катастарска парцела во Визбегово. Тој во 2016 година обезбедил лажен документ - Решение за приватизација на градежно земјиште во државна сопственост стекнато без платен надомест, наводно издадено од Министерството за финансии, Управа за имотно правни работи - Подрачно одделение за првостепена управна постапка Кратово, во кое што било наведено дека поднесениот Барање за приватизација на градежно земјиште во државна сопственост од оштетениот се уважува и земјиштето во државна сопственост се приватизира. Решението било заверено на нотар и спроведено во Агенцијата за катастар на недвижности на основа на што било издаден имотен лист на име на оштетениот.

ОВР Кавадарци поднесе кривична пријава против О.Н.(26) и М.К.(19), двајцата од Кавадарци, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". Полициски службеници извршиле контрола во возило „алфа ромео" со гостиварски регистарски ознаки, со кое се превезувале двајцата, при што кај нив биле пронајдени и одземени амфетамин и марихуана. Исто така, бил извршен и претрес во домот на првопријавениот, при што била пронајдена и одземена марихуана.

ОВР Дебар поднесе кривична пријава против А.Д.(56) од струшкото село Добојани, затоа што во месноста „Манастирец" на Дебарското Езеро бил затекнат при незаконит риболов, користејќи водна пушка-харпун „Марес" и метална шипка-ајна за риболов.

На 17.05.2023 во 12.50 часот, полициски службеници од Полициската станица за граничен премин и граничен надзор Богородица ги лишиле од слобода Е.А.(40) од Скопје и Т.Н.(52) од Кавадарци, затоа што илегално ја преминале државната граница со Република Грција. Исто така, било констатирано дека од патната исправа на Е.А. недостасуваат неколку страници. За настанот бил запознаен јавен обвинител и по целосно документирање на случајот против них ќе бидат поднесени соодветни пријави.

На 17.05.2023 во периодот од 07.00 до 12.00 часот на подрачјето на СВР Тетово била спроведена акциска контрола за првенство на минување, во која вкупно биле откриени и санкционирани 12 прекршоци (ТЕ-10 и ГВ-2), како и 6 други видови прекршоци(ТЕ) поврзани со непочитување на првенство на минување. При контролата, исто така, санкционирани се и 16 други видови сообраќајни прекршоци (ТЕ-12 и ГВ-4) за кои биле поднесени соодветни поднесоци.

На 17.05.2023 во 19.50 часот во СВР Скопје било пријавено дека на велосипедска патека од ул.„Партизански одреди" во Скопје се случила сообраќајна несреќа помеѓу два велосипеда, управувани од П.В.(32) од Битола и К.П.(39) од Скопје. По несреќата, двајцата биле пренесени во Градската општа болница „8 Септември", каде на К.П.И. му биле констатирани тешки телесни повреди, а на П.В. телесни повреди. Увид на местото извршила екипа од СВР Скопје.

На 18.05.2023 во 00.35 часот во Полициската станица Аеродром, М.В.(49) од Скопје пријавил дека на 17.05.2023 околу 22.00 часот, во близина на угостителски објект на подрачје на Аеродром, бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кичево поднесе кривична пријава против В.Н.(60) од село Зрновци, кочанско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи". На 18.12.2022, полициски службеници извршиле преглед во патничко возило „рено клио", управувано од пријавениот, при што пронашле и одзеле едноструелно огнено оружје „ТОЗ-63", калибар 16 мм и куршуми калибар 16 мм.

На 17.05.2023 во 18.00 часот во Полициската станица Ѓорче Петров, Н.А.(33) од с.Гречец, скопско, пријавила дека околу 16.45 часот на крстосница на подрачје на Ѓорче Петров, по претходна расправија во сообраќајот, била физички нападната од две женски лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 17.05.2023 во СВР Битола, Л.Ј.(62) од Битола пријавила дека на бул.„1 Мај" била каснат од куче скитник.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Свети Николе поднесе кривична пријава против Љ.А.(49), Б.Б.(23), Н.Т.(19) и А.П.(23), од Свети Николе, Д.Т.(25) од Крива Паланка и С.А.(21) од Кочани, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство". На 23.04.2023 во Свети Николе, пријавените физички ги нападнале В.Д. и С.Д. од Свети Николе и И.Д. од Куманово, при што Љ.А. употребил и дрвен предмет.

На 17.05.2023 околу 23.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека во спортска обложвалница во с.Волково, скопско, две лица со закана кон вработената одзеле пари од дневниот промет и два мобилни телефона. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 17.05.2023 во СВР Тетово, Е.Ш.(36) од Тетово пријавил дека на улица „Илинденска" во Тетово бил каснат од куче скитник.

СВР Струмица поднесе кривична пријава против Н.Т.(43) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „тешка телесна повреда". На 08.05.2023, пријавениот кој бил сместен во здравствена установа во Негорци, физички го нападнал М.Н.(56) од Кочани, што така, сместен во установата.

На 17.05.2023 во 20.50 часот во СВР Тетово, Г.К.(57) од тетовска Бреница пријавила дека во селото била касната од куче скитник.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (0)23112468 e-mouna: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет